Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-26/2
Дата: 16-01-2024

По претставката бр. 08 – 26/1 од 03.01.2024 година, поднесена од [redacted] против ЈП Улици и патишта – Скопје и директорот на ЈП Улици и патишта – Скопје – Ќамил Ковачи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
## за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 26/1 од 03.01.2024 година, поднесена од [redacted] против ЈП Улици и патишта – Скопје и директорот на ЈП Улици и патишта – Скопје – Ќамил Ковачи **заради ненадлежност**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 03.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 26/1, поднесена од [redacted] против ЈП Улици и патишта – Скопје и директорот на ЈП Улици и патишта – Скопје – Ќамил Ковачи.

Во претставката се наведува дека подносителите биле вработени во ЈП Улици и патишта – Скопје. На 22.11.2023 година, директорот на ЈП Улици и патишта донел Одлуки за изрекување отказ на Договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина (без отказен рок) кон тројцата подносители. Против ваката Одлука, подносителите поднеле приговори до Управниот одбор на ЈП Улици и патишта – Скопје. На 01.12.2023 година, Управиот одбор на ЈП Улици и патишта – Скопје донел Одлуки со кои ги усвоил приговорите на подносителите и ги поништил Одлуките за изрекување на отказ, за тројцата подносители. Согласно наведеното, директорот на јавното претпријатие бил задолжен да ги спроведе одлуките. Подносителите на претставката сметаат дека се дискриминирани поради тоа што директорот не постапил по напатствијата на Управниот одбор и не ги спровел нивните Одлуки. Поради тоа бараат од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ги врати на работните места.

По разгледувањето на претставката, констатираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тоа од причина што наведеното во претставката не укажува на

нееднаков третман врз заштитна карактеристика на подносителите на претставката, туку на **повреда на права од работен однос**. За да се работи за дискриминација, во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“* потребно е да постои нееднаков третман кон подносителите за разлика од други лица, кој е заснован на некоја нивна заштитна карактеристика – дискриминаторска основа. Од наведеното во претставката произлегува дека не постојат индиции за нееднаков третман врз подносителите поради конкретна дискриминаторска основа. Оттука произлегува дека во случајот не се работи за дискриминација, туку за повреда од работен однос. Во таков случај, за непочитување на Одлуките на Управниот одбор од страна на директорот на јавното претпријатие потребно е подносителите да се обратат до Државниот инспекторат за труд или до надлежен суд во постапка за спор од работен однос.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 26/1 поради ненадлежност.

Скопје,
16.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]